No 01

# НОВА ЗОРА

02
97

*политичко списание на ВИНОЖИТО*

500 ДРХ



**Stefanou Dragoumi 11**
**P.O Box 51**
**531 00 Florina**
**GREECE**

# НОВА ЗОРА

*ПОЛИТИЧКО СПИСАНИЕ НА ВИНОЖИТО*

*Се издава секои два месеци*

*ГОДИНА 1997*
*СЕЧКО*
*БРОЈ 1*

Издавач:
Анастасиадис Ставрос

Се издава од
Уредничка Комисија на *ВИНОЖИТО*

Одговорен пред законот:
Тасопоулос Костас



Адреса:
Stefanou Dragoumi 11
PO Box 51
531 00 Florina
GREECE

тел-фах: ++385 46548
45044
e-mail: misirkov@compulink.gr



Годишна претплата:
Грција: 5.000 ДРХ
Странство: 50 U.S.D.

Жиро сметка за Грција:
National Bank Of Greece
612749 / 5

Жиро сметка за странство:
National Bank Of Greece
484 430000364


*насловна страница:*
*колаж од минатите броеви на списанието ЗОРА*

*ВО ОВОЈ БРОЈ...*


*од уредничката комисија*.......1

*Одлуката на 2-ата Конференција на ВИНОЖИТО*.......2

*организациони начела на ВИНОЖИТО*.......3

*Политичкиот манифест на ВИНОЖИТО*.......4


**...НОВА ЗОРА,**

...како резултат на политичките одлуки од 2-та Конференција на ВИНОЖИТО и на првиот собир на централниот Совет коишто се одржале во Лерин односно во Воден, на 19.01.1997 и 26.01.1997 год.

**...НОВА ЗОРА,** како продолжение на ЗОРА, издавана во два јазици (само во овој број има и елглеско издание), македонски и грчки или пак грчки и македонски, што означува засновување на македонкиот јазик во списанието на организацијата...

**...НОВА ЗОРА,** со нова уредничка комисија, со желба за работа, но и со поголемо искуство...

**...НОВА ЗОРА,** но и ***ВИНОЖИТО*** со организациони зачела, со политички манифест, со позиции кои ги одредуваат гледиштата и перспективата на организацијата...

...со среќа братија,

УРЕДНИЧКАТА
КОМИСИЈА

На 19.01.1997 год. (недела) во Лерин се одржа втората Конференција на политичката партија *ВИНОЖИТО*. На Конференцијата присуствоваа 76 делегати од сите Месни организации во Република Грција.

Од 76 делегати Трајанос Пасоис И Притскас Христос ја напуштија Конферцијата откога беа разгледани првите две точки на манифестот, околу националниот карактер на Организацијата, несогласувајќи се со мнозиството на присутните делегати.

Конферцијата го изгласа Политичкиот манифест и организационите начела и избра нов Централен совет, составен од 19 членови.

Новиот Централен совет на своето прво заседание одржано во Воден на 26.01.1997 год. избра Политички секретаријат од 5 члена, Уредничка комисија за списанието и одлучи во следниот број, на списанието, да се објават материјалите, односно резултатите од втората Конференција. Се одлучи списанието да биде печатено на два јазици, на македонски и грчки.

Централниот совет одлучи, со целосно мнозинство, да се одстранат од организацијата Трајанос Пасоис И Притскас Христос бидејќи нивните постапки се спротиставуват на организационите начела и политичкиот манифест.

Виножито преку политичкиот манифест се изјасни дека посакува соработка со сите демократски и антинационалистички сили во земјата во патот за мир и европска интеграција.

Во таа насока, сметајќи ги малцинските прашања од голема важност за развивање на политичката демократија во земјата Виножито ќе превземе иницијатива за соработка врз заедничка политичка платформа со сите демократски сили.

Централниот совет во името на членовите на Виножито им благодари на сите Македонци и Македонки коишто до сега и сега помагаат, како морално така така и финансиски за остварување на целта на Организацијата.

**Воден - Εδεσσα**
**26.01.1997**
**ПОЛИТИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАТ**

# ОРГАНИЗАЦИОНИ НАЧЕЛА НА ПАРТИЈАТА "ВИНОЖИТО"

1.Член на Виножито може да биде секој грчки граѓанин кој го прифаќа политичкиот Манифест и организационите начела, активен е во еден од локалните ограноци на Виножито и редовно ја плаќа членарината. Член на Виножито не може да биде член во друга политичка организација -партија.

2.До достигнување на политички и организационен развој, кој ќе овозможи реализирање на Првиот конгрес, врвен политички орган е Конференцијата која се одржува на секои две години, освен ако Централниот совет не одлучи за одржување на вондредно заседание на Конференцијата.

3.Во Конференцијата рамноправно учествуваат сите членови на организацијата.

4.За политичките ставови и организационите начела, Конференцијата одлучува врз база на мнозинскиот принцип.

5.Конференцијата избира Централен совет и го одредува бројот на членовите. Централниот совет е врвно политичко тело меѓу две конференции и е надлежен за спроведување на одлуките на Конференцијата.

6.Централниот совет одлучува врз основа на целосно мнозинство од присутните. Доколку на состанокот не присуствува мнозинство од членовите истиот се презакажува во време и место што се одредува од присутните членови. Одлуките се прифаќаат со мнозинство од присутните членови на Централниот совет.

Централниот совет е одговорен за финансиското работење на Виножито и за контактите со јавноста.

7.Централниот совет избира Политички секретаријат кој е составен од пет члена. Политичкиот секретарјат има координаторски задачи меѓу двете конференции. Политичкиот секретаријат го свикува Централниот совет, припрема и предлага дневен ред и се грижи за реализација на одлуките.

8.Централниот совет има политичка одговорност за издавање на списание на Организацијата. Уредничката комисија на списанието се избира и надгледува од Централниот совет.

9. Централниот совет може да исключи член којшто јавно се спротиставува на принципите и одлуките на Организацијата.

Исклучениот член има право да поднесе жалба на одлуката до Конференцијата.

10.Месните организации на Виножито работат врз колективна основа, поделени спрема географската положба. Одговорни се за дистрибуција на списанието, собирање на членарина и зачленување на нови членови.

11.Централниот совет одлучува кои членови ќе ја застапуваат Организацијата пред власта и се отповикуваат со одлука на Централниот совет.

12.Со материјалните средства на Виножито управува Централниот совет.

# ПОЛИТИЧКИ МАНИФЕСТ НА ПАРТИЈАТА " ВИНОЖИТО"

Виножито е политичка организација на етничкото македонско малцинство коешто живее во границите на грчката држава и учествува во политичкиот живот во внатрешноста на земјата како организација на етничките Македонци.

Во меѓународните односи Виножито учествува во политиката како организација на националното македонско малцинство коешто живее во Грција.
( National Macedonian Minoritu of Greece ).

Виножито се инспирира од борбите за етничко и општествено ослободување, што ги водеа централистите на ВМРО, илинденците, антифашистите на СНОФ и на НОФ и ги почитува спомените на борците на македонското национално движење.

Виножито верува дека во денешната политичка состојба, поимите: Двојазични, Славомакедонци, тукашни Македонци (општо и апстрактно), Славјани, Славофони, Бугари и др. се употребуваат во Грција како стратегиски избор од страна на грчкиот политички систем во борба против етничките Македонци.

Прифаќањето од страна на Виножито на некои од тие поими или пак употребувањето на некои од нив во првите години на неговото развивање, станало под специфични услови на полулегалност под кои тоа дејствуваше.

Политиката којашто ја дозволува употребата на поимите Славофони, Двојазични, Славомакедонци, Тукашни, Бугари итн. има намера да ја спречи употребата на поимот етнички Македонци којшто не е во согласност со официјалната грчка државна политика која не признава постоење на македонска нација и македонско национално малцинство во Грција.

Оваа политика под меѓународен притисок дозволува контролирано изразување на различноста, но до тој степен до кој таа се ограничува во рамките на фолклор, знаци, однесувања и обичаи. Фолклорот го употребува за распарчување на националните малцински движења како што го прави тоа јасно и систематски со Помаците.

Виножито се бори, со сета своја сила, за добивање на сите малцински права на етничките Македонци коишто произлегуваат од меѓународните договори и обврски на Грција. Негова стратегиска цел е добивање на рамноградјанство и рамноправност на етничките Македонци во Грција и во Европската заедница.

Виножито смета, како што смета и современата европска интелигенција, дека нациите се создадени во поновите години коишто одговараат на одредена историска фаза на развиток на производството, на организирање на трудот и на политичките системи во светот. Исто така верува дека секое националистичко - расистичко сфаќање на националното прашање, неизбежно е поврзано со грабање на древната историја, што не е само ненаучно туку и политички мошне опасно за мирот и демократијата.

Виножито може да го разликува националното достоинство и правото за етнички заеднички идентитет од национализмот и шовинизмот. Верува дека е потребна непрекината идеолошка и политичка работа така да се истакнат и да се прекинат јазлите на односите помеѓу националната и националистичката идеологија.

Виножито има желба за политичка интеграција и проширување на обединетата Европа. Таквата Европа мултикултурна и мултијазична ѝ е мечта. Верува дека европскиот пат за земјава е главно прашање за развитокот на политичката демократија.

Виножито смета дека борбата за мир, претпоставува почитување на постоечките граници, независно од историските неправди во минатото. Борбата за рамноправно граѓанство и социјална правда треба да произлезе од напредните сили внатре во постоечките државни граници. Виножито сака Балкан без спротиставувања и војни кадешто народите ќе живеат братски во заедничка благосостојба.

Посебно место во неговата политичка програма има непосредното и безусловно враќање на етничките Македонци - политички емигранти и децата бегалци, престанување на одземање на државјанството од страна на грчката Влада на Македонците кои се економски емигранти ( печалбари) и враќање на истото на сите оние на кои им било одземено. Посебно место зазема развивањето на македонскиот литературен јазик и македонската култура.

Конкретна тактичка цел, во врска со развивањето на јазикот е:

а) издавање на двојазично грчко-македонско списание;

б) издавање на македонско - грчки речник.

Стратегиска цел, во врска со употребата на јазикот, е воведување на предавања на македонски литературен јазик во рамките на деветгодишниот образовен систем, во оние места во Грција кадешто се зборува и кадешто живеат етнички Македонци, така какошто тој се развива во Република Македонија и создавање на катедра на македонски јазик во рамките на универзитетското образование.

Непосредна политичка цел во насока на развивање на националната култура е систематско учество на членовите на Виножито во манифестации и културни клубови преку кои може да се изрази етничкиот македонски идентитет и култура, а посебно во места каде македонската песна делува позитивно во насока на национално самосознавање.

Виножито бара враќање на топонимите коишто самоволно, систематски и насилно ги измени грчката администрација во третата деценијата на 20-тиот век и бара двојно именување на топонимите, кое е подржано од европските демократски движења, во рамките на почитувањето на европското културно наследство.

Виножито ја подржува секоја реформа којашто води до економска и административна децентрализација, пренесување на власта и управување на единиците на окружно ниво.

Се спротиставува на секоја политика на централизирање на власта изразена со автократизам како што е денес "атинската држава". Смета дека спроведување програми за малограничен промет и економска децентрализација ќе придонесе не само за економски развој туку и за децентрализација на власта од политички аспект и создавање на пријателски врски и соработка меѓу државите.

Од принципиелна позиција, Виножито ја подржува борбата на турското национално малцинство во Тракија за стекнување на сите малцински права коишто произлегуваат од меѓунаро-

дното право на рамнограѓанство и национално достоинство.

Виножито се солидаризира со најнапредните културно-политички барања на Власите, Ромите и Арванитите - грчки граѓани, пред сè со барањето за зачувување и развивање на нивниот јазик.

Виножито ќе се спротиставува на секое прекршување на принципот на правото за верска слобода или правото на безверност - атеизам. Заради таа причина се изјаснува за уставна реформа за потполно одвојување на грчката Правослвна црква од грчката држава.

Ја подржува борбата на оние граѓани кои од верски причини или политичко убедување го одбиваат отслужувањето на војниот рок и го подржува барањето за алтернативна форма на социјално отслужување или целосно откажување од тоа.

Виножито ги подржува правата на странските работници кои гладот и очајот ги натера во Грција да бараат парче леб. Го подржува нивното право да живеат, без истовремено да се намали платата на грчкиот работник затворајќи ја на тој начин вратата на расизмот и фашизмот. Виножито стои на политичка позиција за еднаква плата и рамноправно социјално осигурување, за рамноправен труд на грчките граѓани и странските работници и потполни граѓански права на странските работници после извесен престој во Грција.

Виножито се спротиставува на политиката на демографско променување коешто грчките влади селективно и систематски го вршат низ децении на територијата на Македонија и Тракија со населување на некои, таканаречени, репатрирани.

Таквата политика не само што не придонесува во развивањето на пријателските односи меѓу граѓаните, туку ја развива климата на затегнатост, неподносливост и спротиставување.

Виножито верува дека ограничувањето на 3% од бирачкото тело на Грција коешто е потребно да го освојат партиите за претставување во грчкиот и европскиот Парламент има за цел спречување застапеност на националните малцинства во тие институции.

Бара изменување на изборниот закон и воведување на пропорционален и реално процентирање за да можат и малцинствата да бидат застапени во грчкиот и европскиот Парламент.

Виножито изразувајќи го духот на отпорот на еден народ, во тек на еден цел век, против варварството на грчкиот национализам, се наоѓа на страната на антинационалистичката и антишовинистичката позиција во земјата.

Виножито смета дека мерило за искреност и желба за меѓунационална коегзистенција на секоја грчка политичка или невладина организација, е надминувањето на црвената линија создадена од грчкото Министерство за надворешни работи. Надминување на Црвената линија значи признавање на постоење на двете национални малцинства (македонското и турското) и подршка во борбата за добивање на сите нивни меѓународно утврдени права. Тоа значи признавање и почитување на етничкиот македонски идентитет, што е услов за политичка соработка и стапување во сојузи на нашето движење со организации и граѓани во и вон Грција.

Виножито се бори за мировни и пријателски односи со сите соседи и земји врз основа на демократски принципи на мировно соживеење, немешање во внатрешните работи, почитување на државниот интегритет, рамноправност и заедничка корист.

Виножито верува дека секој обид за учество на државите во "верски лакови", националистички фронт врз верска основа, создава политичка средновековна состојба која не се совпаѓа со напредокот на современата европска вистина.

Виножито верува дека денешниот грчки политички систем денес претставуван од пратеници на разни политички партии во Парламентот, со мали нијанси води агресивна, националистичка, истовремано и антиевропска политика. Таа политика се изрази со подршката на српскиот експанзионизам, распарчувањето и етничкото чистење на Босна. Целта на грчкиот национализам и агресивноста беше и сеуште е Република Македонија.

Виножито верува дека грчката држава не е во право во врска со разликите околу името на Република Македонија. Грчката држава со сите сили се труди да го забрани името и да наметне свое, како кум. Ова ја докажува длабоката антидемократска политичка култура, која за жал, преовладува во земјата.

Виножито го подржува неотуѓивто право на нацијата и државата за употреба на името Македонија врз основа на националното самоопределување. Се согласува политички, а не метафизички со ставот дека името е душата на една нација. Тоа е став на етничките Македонци кои се борат во редовите на Виножито, а кога настапуваат со оваа изјава не играат "грчки театар", но веруваат целосно во тоа.

Виножито верува дека единствен пат кон создавање на пријателски односи меѓу Република Македонија и Грција е признавање и почитување од страна на Грција правото на граѓаните на Република Македонија на национално самоопределување и непосреден разговор на сите нивоа меѓу двете држави.

Политичката доктрина на "измислување непријатели" која константно ја водат грчките влади го минира европскиот пат на земјата и претставува опасност за целиот Балкан и југо -источниот Медитеран. Истовремено во внатрешноста на земјата ги потхранува најмрачните политички сили, давајќи можност да водат водечка улога во земјата.

Виножито смета дека огромните воени трошоци коишто се прават во името на "близок грчко-турски судир" ги водат граѓаните во економска беда, а економијата во исцрпување, создавајки кочница на економскиот развој на државата и благосостојбата на граѓаните.

Политички став на Виножито е дека споровите меѓу државите треба да се решаваат исклучиво по мирен пат, со разговори, што трба да стане и со соседна Турција .Овие разидувања, објективно гледано, не се од таков карактер за да се предизвика војна, значи можат да се решат врз принципите на мирољубиво соживеење и заемна корист.

Точна е изјавата дека народите немаат што да делат меѓу себе за да дојде до воен судир меѓу нив, но додека таа изјава не е и државна политика на одбивање на војната, создава политичка измама. Виножито верува дека најдобриот начин за одбивање на војната е работење за мир и соработка.

Виножито не е окружно, географски изолирано и во себе затворено движење. Националните малцински прашања се главни прашања кои се поврзуваат со прашањата за рамноправност, тоа е всушност прашање за подлабока и суштинска демократизација на земјата.

Стекнувањето на национални малцински права претпоставува стабилен европски пат на земјата и поли-

тика на отстранување на националистичките и шовинистичките политички сили. Во таа насока Виножито се наоѓа во заеднички политички фронт за мир и демократија во Европа со сите доверливи антинационалисти и антирасисти ширум земјата.

Врз основа на таквата политика Виножито подржува програми за реализирање на заеднички цели со други политички организации и движења низ земјата, што подразбира и градење сојузи за заедничко учество во избори.

Со истата логика Виножито подржува спроведување на заеднички цели со сродни идеолошко политички сили во рамките на Европа.

Виножито соработува со организации, друштва или движења на Македонците од соседните земји и ширум светот, во духот на декларациите на Обединетите нации и во согласност со почитувањето на принципите и интегритетот на Организацијата.

*ЛЕРИН - ΦΛΩΡΙΝΑ*
*19.01.1997 год.*